Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 25.07.2023

На 24.07.2023 во 20.15 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Г.(37) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Горче Петров, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутеста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.07.2023 во периодот од 13.30 до 16.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово - ОВР Гостивар на улица „18 Ноември", булевар „Браќа Гиновски", ул.„ЈНА" и ул. „Борче Вељановски" во Гостивар ги лишиле од слобода Е.А.(19), Л.Х.(20), З.А.(20) и еден малолетник, сите од Гостивар. Тие се сомничат дека сторине шест тешки кражби во станови. Одземените предмети биле пронајдени и ќе им бидат вратени на сопствениците. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајте против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (25.07.2023) околу 01.35 часот на ул.„Алија Авдовиќ" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.07.2023 во периодот од 18.00 до 24.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - ОВР Гостивар на улица „Мерцедес" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одземени пиштол „Екол" со празна рамка и куршуми калибар 9 мм. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.07.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Р.Б.(26) и Љ.Ј.(26), двајцата од Скопје, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.07.2023 во 22.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.07.2023 во 22.20 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ф. од Косово, со престој во скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.07.2023 во 00.20 часот преку угостителски објект на улица „Партизанска" во Дебар, полициски службеници од ОВР Дебар ги привеле Ф.Л.(21) и К.Т.(22), двајцата од Дебар, затоа што кај била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 161 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 45 санкции, осум мерки за возење без возачка дозвола, 15 санкции за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикли. Изречени се шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет санкции за возач почетник...

На 24.07.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 12 надвор од населено место и 4 во населено место. Истиот ден, во периодот од 18.00 до 24.00 часот, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат мотоцикли. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци, од кои 10 за неносење заштитна кацига, 3 за управување без возачка потврда, 2 за измината важност на осигурителната полиса и 3 други видови прекршоци. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 4 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за користење мобилен телефон и 7 за непропишно паркирање.

На 24.07.2023 во периодот од 18.00 до 24.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле контрола на прекршоци кои ги чинат мотоциклистите, при што биле констатирани вкупно 12 прекршоци, од кои 6 биле за некористење на заштитна опрема, односно заштитен шлем, едно без возачка дозвола и едно со поминат рок на важност на сообраќајна дозвола. Исто така, биле констатирани и 7 останати прекршоци. На сите возачи - прекршители им се изготвени и законски предвидените поднесоци.

На 24.07.2023 во 18.10 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат с.Каменьане - с.Горно Седларје, тетовско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел корса", управувано од С.А.(34) од с.Каменьане и мотоцикл, управувано од малолетник од с.Каменьане, двете со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот консултирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 24.07.2023 во 19.36 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Ресен, во близина на Прентов мост, се случила сообраќајна несреќа помеѓу три товарни возила, „рено" со охридски регистарски ознаки, управувано од Љ.Т.(56) од Охрид, „ман" со приколка со скопски регистарски ознаки, управувано од П.Н.(47) од Велес и „митсубиши" со струшки регистарски ознаки, управувано од В.С.(43) од Охрид. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил сопатник од возилото „митсубиши", А.С.(41) од Охрид, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 24.07.2023 во 22.05 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на патот Гостивар-с.Вруток, кај с.Равен, С.О.(42) од с.Равен, гостиварско, со престој во Швајцарија, управувајќи мотоцикл со гостиварски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. На возачот му биле констатирани тешки телесни повреди во Медицинскиот центар Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 24.07.2023 во 11.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, Г.С.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Пушкинова" неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 24.07.2023 во 23.30 часот во Полициската станица Чаир, В.А.(41) од Скопје пријавил дека на ул.„Петко Јанчевски" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 24.07.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Кочани, А.С.(59) од Кочани пријавила дека во дворно место на ул.„Славчо Стојненов" во Кочани била касната од куче скитник.

На 24.07.2023 во 14.10 часот во СВР Куманово, 65 - годишна жена од Куманово пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 10.000 денари. Според пријавеното, лицето ѝ понудило огревни дрва и откако се договориле, нејзиниот сопруг со лицето се упатиле на местото каде наводно биле складирани. Како што е пријавено, откако пристигнале лицето му кажало дека ќе по пила за сечење на дрва, но дошло кај нея и ѝ кажало дека нејзиниот сопруг рекол да му ги даде парите. Откако нејзиниот сопруг се вратил без дрва, сфатиле дека се измамени. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.07.2023 во 15.20 часот полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Л.С.(38) од Битола. Тој се сомничи дека околу 15.00 часот на ул.„Сотир Брбевски" во Битола, поради претходни недоразбирања и по кратка расправија, со остар предмет го нападнал С.С.(53) од Битола и му нанел повреди. С.С. бил пренесен во Клиничка болница Битола каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола. Против приведениот денеска (25.07.2023) е поднесена кривична пријава по чл.131 ст.3 од Кривичниот законик, а од страна на судија на претходна постапка на Л.С. му е одреден притвор во траење од 30 дена.

На 24.07.2023 во 11.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Е.Р.(40) од село Черкезе, кумановско и Б.Ш. (34) од Куманово. Тие барале од 62-годишна жена од Куманово да им даде пари, уценувајќи ја со закани по животот кон нејзиниот син кој бил во казнено-поправна установа. Двете лица биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

Ноќеска (24/25.07.2023) во периодот од 23.00 до 01.00 часот на булеварот „Маршал Тито" во Тетово, поради преголема бучавост, во Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово биле задржани пет возила (четири со странски и едно со тетовски регистарски ознаки), кои во рок од три дена ќе бидат упатени во вонреден технички преглед за да се измери нивото на бучавост, по што ќе следат и соодветни поднесоци.

На 24.07.2023 во периодот од 18.00 до 24.00 часот, при пределени сообраќајни контроли во Кичево и Дебар, полициските службеници евидентираа 6 прекршоци сторени од возачи на мотоцикли (Кичево-05, Дебар-01). За регистрираните прекршоци - неносење заштитен шлем, управување мотоцикл без возачка дозвола, изминат рок на важност на сообраќајните документи, полициските службеници изготвиле соодветни прекршочни платни налози.

Вчера (24.07.2023) во временскиот период од 22.00 до 02.30 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола, постапено е по план за „Безбедно лето 2023", при што во објект на ул.„Македонска фаланга" во Битола, затекнати се 73 деца. Во присуство на нивните родители тие се алкотестирани, при што кај 32 деца е утврдено присуство на алкохол по што се предадени на родителите.

На 24.07.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на место викано „Црвена земја" во с.Булачани, скопско, настанал пожар во викенд куќа, сопственост на Б.И.Д.(57) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 24.07.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Гостивар, 50-годишната Х.С. од Скопје пријавила дека во населба ,,Крстови 2" во Гостивар била касната од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Д.А.(27) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојничка кражба" и „тешка кражба". На 15.07.2023 во Струмица, пријавениот физички ја нападнал неговата баба и одзел пари и мобилен телефон, а второто дело го извршил на 05.06.2023 на улица „Димитар Влахов" во Струмица, при што од А.Х. одзел пари.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.Н.(36) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 06.05.2023 во Штип, пријавениот физички го нападнал Г.Ј. и му нанел тешка телесна повреда.

На 24.07.2023 околу 21.15 часот во СВР Велес било пријавено дека во сврот дом во Велес бил пронајден починат А.А.(88) од Велес. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство. Увид на местото извршила екипа од СВР Велес, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било додадено на обдукција.

На 24.07.2023 во 11.45 часот во СВР Куманово, А.И.Ј.(32) од Куманово пријавила дека во Соколански парк во Куманово нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 24.07.2023 во 22.45 часот во СВР Скопје, И.К.(36) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.С.(64) од село Џепчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 03.04.2023, по претходна расправија, пријавениот физички го нападнал А.Ј. од Тетово, вработен во Јавното комунално претпријатие Тетово, додека извршувал работни задачи во село Џепчиште.

На 24.07.2023 во 17.45 часот, М.П.(25) од Струга во полициска станица пријавил дека на улицата „Боро Хаџиевски Путе" во Струга бил каснат од куче скитник.

На 24.07.2023 во 09.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(48) од Скопје, затоа што на подрачјето на Кисела Вода физички ја нападнал неговата 39 - годишна вонбрачна партнерка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.П.(29), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.06.2022 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 24.07.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на 22.07.2023 околу 10.00 часот во с.Грушино, скопско, по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.И.(36), К.И.(68) и Н.И.(70) од една страна и В.И.(64), З.И.(29) и С.Е. (31), од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Н.Ѓ.(44) и И.Ѓ.(43) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 08.07.2023 во Кочани, Н.Ѓ. фрлила тврд предмет кон возилото на Ј.С., по што И.Ѓ. со метален предмет удирал во возилото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.Н.(27), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". Пријавениот, на 16.07.2023 во Јавна здравствена установа - Здравствен дом Крива Паланка физички ја нападнал А.И., вработена во установата.

На 24.07.2023 во 15.30 часот во СВР Скопје, 55-годишна жена пријавила дека на 23.07.2023 околу 03.30 часот во скопско била физички нападната од нејзиниот зет Б.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против З.Р.(45) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 03.07.2023 во Штип, пријавениот физички нападнал малолетник од Штип.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.М.(62) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „доменење" и три кривични дела „неизвршување на судска одлука". Во периодот од мај до 21.06.2023, пријавениот во повеќе наврати се движел во просторот каде што живеел М.Ѓ.(65) од Штип и со разни предмети и упатувал закани и на тој начин постапувал спротивно на примената мерка за забрана да и се заканува на жртвата, да ја малтретира, вознемирува, контактира и да и се приближува на растојание помало од 100 метри од нејзиниот дом.

На 24.07.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје, Џ.Ф.(23) од Скопје пријавил дека при чистење на подрум во куќа на подрачјето на Радишани пронашол коски и најверојатно станува збор за стари коски. Полициски службеници извршиле увид, а по наредба на јавен обвинител коските биле пренесени во Институтот за судска медицина за понатамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.К.(41) од пробиштипско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „половo вознемирување". Пријавениот испраќал пораки на малолетничка преку социјалната мрежа Инстаграм, при што ја вознемирувал.

На 24.07.2023 во 18.50 часот, Т.С.(68) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Стојан Бунгуроски" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет